# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КАРПОШ

Број 1 * година IX* 03.02.2014 година * Карпош * цена:
Излегува по потреба
e-mail: kontakt@karpos.gov.mk, www.karpos.gov.mk

Скопје, февруари 2014 година

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.10/2013), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за работите во однос на Јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската Станица од Општа Надлежност - Карпош за 2013 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работите во однос на Јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската Станица од Општа Надлежност - Карпош за 2013 година, донесен на Единаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-1063/1**
**03.02.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), Советот на Општина Карпош на Единаесеттата седница одржана на 31.01.2014 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за усвојување на Извештајот за работите во однос на Јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската Станица од Општа Надлежност - Карпош за 2013 година**

1. Се усвојува Извештајот за работите во однос на Јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската Станица од Општа Надлечност - Карпош за 2013 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Полициска Станица од Општа Надлежност – Карпош.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07-656/3**
**31.01.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.10/2013), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање за 2014 година**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање за 2014 година, донесена на Единаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-1063/2**
**03.02.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 и член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 ), Советот на Општина Карпош, на Единаесеттата седница, одржана на 31.01.2014 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање за 2014 година**

Во Програмата за урбанистичко планирање за 2014 година („Службен гласник на Општина Карпош" бр.13/2013), во главата VII ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛО ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА, се додаваат 3 нови точки кои гласат:

1. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 19, (Помеѓу бул. Партизански Одреди, ул. Ацо Шопов, ул. Војвода Васил Чакаларов (Циборовски и река Вардар) Општина Карпош – Скопје

2. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј 04, (Помеѓу бул. Теодосие Гологанов, ул. Братфорска, Јужна Обиколница , ул. Загребска, Ул.Леринска и ул. Франклин Рузвелт) Општина Карпош – Скопје

3. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 06, (Помеѓу бул. Партизански Одреди, ул. Московска, бул. Теодосие Гологанов, и бул. 8 ми септември) Општина Карпош – Скопје

II. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 07-656/4** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**31.01.2014 година** **НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.10/2013), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за Градска четврт З 03, (бул. Партизански одреди, ул.Московска, бул. Теодосие Гологанов и река Вардар), Општина Карпош - Скопје**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за Градска четврт З 03, (бул. Партизански одреди, ул. Московска, бул. Теодосие Гологанов и река Вардар), Општина Карпош - Скопје, донесена на Единаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-1063/3** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**03.02.2014 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1 и член 26 став 4, алинеја 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 55/13) и член 36 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), Советот на Општина Карпош, на Единаесеттата седница одржана на 31.01.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за Градска четврт З 03, (бул.Партизански одреди, ул. Московска, бул. Теодосие Гологанов и река Вардар), Општина Карпош - Скопје

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт-Детален урбанистички план за Градска четврт З 03, (бул.Партизански одреди, ул. Московска, бул. Теодосие Гологанов и река Вардар) Општина Карпош - Скопје

Нацрт - Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

### Член 2

Просторот за кој се утврдува Нацрт-Детален урбанистички план е дефиниран помеѓу;

- На север осовината на бул.”Партизански Одреди”:
- На исток коритото на река Вардар;
- На југ осовината на бул. “Теодосие Гологанов”;
- На запад по осовината на ул.”Московска”.

Површината на урбаниот опфат изнесува 49.64 ха.

### Член 3

Опфатот на Нацрт-Деталниот урбанистички план ги содржи следните намени: домување во станбени куќи, домување во станбени згради, комерцијални и деловни дејности, образование и наука, социјална заштита – детска градинка, државни институции – постоен објект, верски институции – постоен објект, комунална супраструктура, некомпатибилна инфраструктура, парковско зеленило, заштитно зеленило, спорт и рекреација.

Намените предвидени во овој нацрт-детален урбанистички план се во согласност со намените на Генералниот урбанистички план на Град Скопје од 2012 година.

Во рамките на Нацрт-планот се предвидени следните класи и намени на земјиштето:

- А1 – домување во станбени куќи
- А2– домување во станбени згради
- Б1 – комерцијални и деловни дејности

- В1 – образование и наука
- В2 - социјална заштита – детска градинка
- В4 – државни институции – постоен објект
- В5 – верски институции – постоен објект
- Е2 – комунална супраструктура
- Е3 – некомпатибилна инфраструктура
- Д1 – парковско зеленило
- Д2 – заштитно зеленило
- Д3 - спорт и рекреација

Со деталниот урбанистички план се определени висините на градбите ви метри должни и бројот на катови.
Максималната висина за градежните парцели наменети за домување во станбени куќи изнесува П+2+ПК (10.20м).
Максималната висина за градежни парцели наменети за домување во станбени згради се движи од П+3+ПК (13.20 м) до П+6+ПК ( 22.00м).
Максималната висина за градежни парцели наменети за комерцијални и деловни дејности изнесува од П (4.00 м).
Максималната висина за градежни парцели наменети за образование и наука изнесува од П+2 (12.00 м).
Максималната висина за градежни парцели наменети за социјална заштита – детска градинка изнесува од П+1 (8.00 м).
Максималната висина за градежни парцели наменети за државни институции – постоен објект изнесува од П+1.
Максималната висина за градежни парцели наменети за верски институции – постоен објект изнесува од П+4 (17.00 м).

Со Нацрт-планот се одредени

- облик и големина на градежна парцела /м2/
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/
- процент на изграденост /%/,
- максимална развиена површина на објектот /м2/,
- коефициент на искористеност /К/,
- намена на објектот,
- максимална висина на објектот / до завршниот венец / од ниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален дел ,
- Графички прилози
- Основни параметри за уредување на просторот и
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Градоначалникот на Општина Карпош ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт-Детален урбанистички план за кој претходно е добиено мислење, со утврдување на времето и местото каде ќе биде изложен планот и спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-656/5
31.01.2014 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Сашо Лазаровски, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.10/2013), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за Градска четврт З 08, (бул. Илинден, ул. Франклин Рузвелт, бул. Партизански одреди и бул. 8 ми Септември), Општина Карпош - Скопје**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за Градска четврт З 08, (бул. Илинден, ул. Франклин Рузвелт, бул. Партизански одреди и бул. 8 ми Септември), Општина Карпош - Скопје, донесена на Единаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-1063/4**
**03.02.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 22, став 1 и член 26 став 4, алинеја 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 55/13) и член 36 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), Советот на Општина Карпош, на Единаесеттата седница одржана на31.01.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за Градска четврт З 08, (бул. Илинден, ул. Франклин Рузвелт, бул. Партизански Одреди и бул. 8 ми Септември), Општина Карпош - Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт-Детален урбанистички план за Градска четврт З 08, (бул. Илинден, ул. Франклин Рузвелт, бул. Партизански Одреди и бул. 8 ми Септември) Општина Карпош - Скопје

Нацрт - Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Просторот за кој се утврдува Нацрт-Детален урбанистички план е дефиниран помеѓу;

- На север осовината на Бул.”Илинден”:
- На исток по осовината на л. Франклин Рузвелт ;
- На југ осовината на Бул. “Партизански Одреди”;
- На запад по осовината на Бул.”* ми Септември”.

Површината на урбаниот опфат изнесува 44.69 ха.

**Член 3**

Опфатот на Нацрт-Деталниот урбанистички план ги содржи следните намени: домување во станбени куќи, домување во станбени згради, мали комерцијални и деловни дејности, големи трговски единици, деловни простори, хотели, образование и наука, здравство и социјална заштита, култура, парковско зеленило, комунална супраструктура, некомпатибилна инфраструктура.

Намените предвидени во овој нацрт-детален урбанистички план се во согласност со намените на Генералниот урбанистички план на Град Скопје од 2012 година.

Во рамките на Нацрт-планот се предвидени следните класи и намени на земјиштето:

- А1 – домување во станбени куќи
- А2– домување во станбени згради
- Б1 – мали комерцијални и деловни дејности

- Б2 – големи трговски единици
- Б4 - деловни простори
- Б5 – хотели
- В1 – образование и наука
- В2 - здравство и социјална заштита
- В3 – култура
- Д1 – парковско зеленило
- Е2 – комунална супраструктура
- Е3 – некомпатибилна инфраструктура

Со деталниот урбанистички план се определени висините на градбите ви метри должни и бројот на катови.
Максималната висина за градежните парцели наменети за домување во станбени куќи изнесува П+2+ПК (10.20м)
Максималната висина за градежните парцели наменети за домување во станбени згради се движи од П+4+Пк (18.00 м) до П+6+Пк (22.50 м)
Максималната висина за градежните парцели наменети за мали комерцијални и деловни дејности изнесува П+1 (8.00 м)
Максималната висина за градежните парцели наменети за големи трговски единици се движи од П+1 (10.00 м) до П+5 (25.00 м)
Максималната висина за градежните парцели наменети за хотели изнесува П+5+Пк (21.00 м).
Максималната висина за градежните парцели наменети за образование и наука големи трговски единици се движи од П+2 (14.00 м) до П+5 (25.00 м)
Максималната висина за градежните парцели наменети за здравство и социјална заштита се движи од П (5.00 м) до П+1 (8.50 м)
Максималната висина за градежните парцели наменети за култура изнесува П+7 (35.00 м).

Со Нацрт-планот се одредени

- облик и големина на градежна парцела /м2/
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/
- процент на изграденост /%/,
- максимална развиена површина на објектот /м2/,
- коефициент на искористеност /К/,
-намена на објектот,
-максимална висина на објектот / до завршниот венец / од ниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,

- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален дел ,
- Графички прилози
- Основни параметри за уредување на просторот и
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Градоначалникот на Општина Карпош ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт-Детален урбанистички план за кој претходно е добиено мислење, со утврдување на времето и местото каде ќе биде изложен планот и спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-656/6
31.01.2014 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Сашо Лазаровски, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.10/2013), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за донесување на Урбанистички план за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18, Општина Карпош - Скопје.**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Урбанистички план за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18, Општина Карпош - Скопје, Општина Карпош - Скопје, донесена на Единаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-1063/5**
**03.02.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 26, став 4, алинеја 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија” бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 55/13) и член 16 од Статутот на Општината Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/06), Советот на Општина Карпош, на Единаесеттата седница одржана на 31.01.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за донесување на Урбанистички план за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18, Општина Карпош - Скопје

### Член 1

Со ова Одлука се донесува Урбанистички план за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18, Општина Карпош - Скопје.

Урбанистички план е изработен според Законот за просторно и урбанистичко планирање, барањата во Програмата за содржината на Планот, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

### Член 2

Границата на планскиот опфат е дефинирана :

- **На југ** започнува од западната граница на КП 2176 и се движи од запад кон исток следејќи го правецот на пругата Скопје – Кичево се до источната граница на КП 1942.

- **На исток** границата започнува од КП 1942, 1913, 1914, скршнува на запад по постојниот пат КП 1907/2 се до пресек со постоен пат. КП 2224/3 оди кон север по истиот се до јужната граница на КП 1864/2, продолжува по истата граница на КП 1864/2, продолжува по западната граница на КП 1865 се до пресек со постоен пат КП 2251 продолжува на север по источната граница на КП 794/11, КП 794/2, КП 795, КП 800, КП 802/2, КП 804, КП 806, КП 807, КП 810, КП 811, КП 812 ги сече парцелите КП 813/1, КП 814/2, КП 814/2, КП 817/2, КП 818 КП 820 оди кон исток сечејќи ја КП 772, продожува на истоксечејќи ја КП 763/1 се до границата на КП 762. Границата започнува од КП 762 се движи кон запад сечејќи ги КП 763/3, КП 823/1, се до постојниот пат КП 2237 се до КП 533/8, скршнува на запад по северната граница на КП 533/4 се до источната граница на КП 533/1 продолжува по истата одејќи на север по источната граница на КП 519, КП 511, КП 510, КП 509, КП 508, КП 507, КП506, КП 505, КП 497/2. КП 495, КП 492/1, КП 489/1, оди на север сечејќи КП 486 и продолжува по источните граници на КП 483/2, КП 484, ја сече КП 482, КП 481, КП 480, КП 479, оди по западната граница на КП 478/2, КП 478/3 скршнува на исток по северната граница на на КП 478/3 се до КП 477/2 продлжува по јужната граница на КП 477/2 и ги сече КП 476, КП 475, КП 474. Оди на север сечејќи го постојниот

пат на КП 2237, продолжувајќи на север сечејќи го КП 454. Следејќи ја источната граница на КП 453/2, КП 222/2, КП 223/2, КП 217/2, КП 214/2. Сечејќи ја КП 188/1, КП 189, КП 190, КП 191, КП 192, КП 194, Кп 213, КП 212, КП 210/3, Кп 210/1, КП 209.

- **На север** границата минува по севернта граница на КП 226 и КП 227 скршнува на југ по западната граница на КП 228, оди на запад по северозападната граница на КП 228 оди на запад по северозападната граница на КП 231, КП 232, ја сече КП 235, КП 236, КП 237, КП 238/1, КП 239/1, КП 240. КП 241/1, КП 242/2 оди на север по североисочната граница на КП 242/2. КП 244/2 и ги сече КП 250/1, КП 251. КП 252. КП 253. КП254 скршнива и оди по северозападната граница на КП 255/2 продолжува и ја сече КП 256 излегувајќи на постојниот пат 2233/7.

- **На запад**: скршнува кон југ сечејќи ја КП 298, КП 297 продолжува по правец на северозападната граница на КП 355/2 скршнувајќи по границата на КП 357, се качува на север следејќи ја североисточната граница на КП 357 на исток сечејќи ги КП 359, КП 360, КП 361, скршнува на југ сечејќи ги парцелите КП 361, КП 362, КП 364, КП 1062/2, посотен пат, продолжува по североисточната граница на КП 438/2, КП 439/2, КП 440/2. КП 435/2, КП 433/2, ја сече КП 431 се до КП 428. Ја сече КП 428, КП 427, КП 426, КП 425, оди по западната граница на КП 424 ја сече КП 432 скршнувајќи на запад и следејќи ја границата на КП 432 се до пресекот со КП 1037/1 и ја следи границата на КП 1037/1, ја сече КП 1036 следејќи ја северозападната граница на КП 1028/2, КП 1029/2, свртува на запад и ги следи северните граници на КП 967/1, КП 966/1, КП 965/3. Границата свртува на југоисток следејќи ги границите на КП 937/2 се до КП 994 и свртува на запад. Ги следи границите на КП 994, КП 993, КП 992 се до постојниот пат КП 1194 , оди по западната граница на КП 1273, КП 1277, КП 1278 се до постојниот пат КП 2253. Го сече постојниот пат КП 2253 и продолжува по границата на КП 2176/3 се до трасата на железничката пруга Скопје-Кичево.

Површината на опфатот на просторот за кој се однесува овој Урбанистички план за село изнесува П= 148.90 ха.

**Член 3**

Опфатот на Урбанистички план ги содржи следните намени: семејно домување во куќи, мали комерцијално - деловни единици, големи угостителски единици, деловни простории, хотелски комплекси, образование, здравство, меморијални простори, инфраструктура и заштитно зеленило.

Во рамките на планот се предвидени следните класи и намени на земјиштето:

- А1 – домување во станбени куќи
- Б1 – мали комерцијални и деловни намени
- Б2 – големи трговски единици
- Б3 - големи угостителски единици
- Б4 – деловни простори

- Б5 - хотелски комплекси
- Б6 - градби за собири
- В1 – образование и наука
- В2 – здравство и социјална заштита
- Д4 – меморијални простори

Максималната висина на градбите изнесува Н мах = 10.20 м.

Со планот се одредени:
- облик и големина на градежна парцела (м2)
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот (м2),
- процент на изграденост (%),
- максимална развиена површина на објект(м2),
- коефициент на искористеност (К),
- намена на објектот,
- максимална висина на објектот (до завршниот венец) од ниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:
- текстуален дел,
- графички прилози,
- основни праметри за уредување на просторот и
- табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Урбанистичкиот план за село се заверува со печат на Општина Карпош и потпис на Претседателот на Советот на Општината.

**Член 6**

Урбанистичкиот план за село со сите негови делови се чува во Одделението за урбанистичко планирање на Општина Карпош.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-656/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
31.01.2014 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Скопје Сашо Лазаровски, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.10/2013), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука донесување на Детален урбанистички план изменување и дополнување на ДУП Злокуќани Дел од Блок 5, деловни и сервисни дејности, Општина Карпош - Скопје**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план изменување и дополнување на ДУП Злокуќани Дел од Блок 5, деловни и сервисни дејности, Општина Карпош - Скопје, донесена на Единаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-1063/6**
**03.02.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 26, став 4, алинеја 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија” бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 55/13) и член 16 од Статутот на Општината Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 1/06), Советот на Општина Карпош, на Единаесеттата седница, одржана на 31.01.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за донесување на Детален урбанистички план изменување и дополнување на ДУП Злокуќани Дел од Блок 5, деловни и сервисни дејности, Општина Карпош - Скопје

### Член 1

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план изменување и дополнување на ДУП Злокуќани Дел од Блок 5, деловни и сервисни дејности, Општина Карпош - Скопје.

Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, барањата во Програмата за содржината на Планот, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

### Член 2

- Границата на планскиот опфат е дефинирана :
- **На запад:** границата се движи поосовината на новопланираната улица “Љубљанска” (крак);
- **На север:** границата се движи по осовината на собирна улица “Скупи”
- **На југ:** границата се движи по осовината на регулираното корито на река Вардар и осовината на новопланираната улица ”Г”, планирана со претходниот Детален урбанистички план од 2007 година;
- **На исток:** границата се движи по осовината на Бул.”8 – ми Септември”

Површината на опфатот на просторот за кој се однесува овој Детален урбанистички план изнесува П= 19,14 ха.

### Член 3

Опфатот на Деталниот урбанистички план ги содржи следните намени: домување во станбени куќи, мали комерцијално - деловни единици, големи трговски единици, големи угостителски единици, деловни простории, хотелски комплекси, здравство и социјална заштита, сервиси, стоваришта, парковско зеленило, заштитно зеленило комунална супраструктура.

Во рамките на планот се предвидени следните класи и намени на земјиштето:

- А1 – домување во станбени куќи

- Б1 – мали комерцијални и деловни намени
- Б2 – големи трговски единици
- Б3 - големи угостителски единици
- Б4 – деловни простори
- В2 – здравство и социјална заштита
- Г3 - сервиси
- Г4 - стоваришта
- Д1 - парковско зеленило
- Д2 - заштитно зеленило
- Е2 - комунална супраструктура (бензинска и пумпна станица)
- Е2 - комунална супраструктура (трафостаница)

Максималната висина на градбите изнесува Н мах = 21.00 м

Со планот се одредени:

- облик и големина на градежна парцела (м2)
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот (м2),
- процент на изграденост (%),
- максимална развиена површина на објект(м2),
- коефициент на искористеност (К),
- намена на објектот,
- максимална висина на објектот (до завршниот венец) од ниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- текстуален дел,
- графички прилози,
- основни праметри за уредување на просторот и
- табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Деталниот урбанистичкиот план се заверува со печат на Општина Карпош и потпис на Претседателот на Советот на Општината.

**Член 6**

Деталниот урбанистичкиот план со сите негови делови се чува во Одделението за урбанистичко планирање на Општина Карпош.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-656/8
31.01.2014 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Сашо Лазаровски, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.10/2013), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Карпош**

1. Се објавува Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопостеност на Република Македонија на подрачјето на Општина Карпош, донесена на Единаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-1063/7** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**03.02.2014 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ 05/2002) и член 89 од Законот за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр.17/11,53/11,144/12,25/13 и 163/13), Советот на Општина Карпош на Единаесеттата седница одржана на 31.01.2014 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ

**Вовед**

▪Општ дел

▪Просторен опфат и предмет на Програмата

▪Основи за изработка на Програмата

-Законски основ

-Основни плански документи

▪Лица вклучени во изработка на Програмата

**Содржина на програмата**

**1. Цели на Програмата**

▪Општи цели на Програмата

▪Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети

**2.Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по урбанистички план)**

▪Листа на градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет

▪Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет

▪Детален,односно табеларен преглед на градежни парцели (групирани по предвидена активност):

а.Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање

б. Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под долготраен закуп по пат на јавно надавање

в. Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под краткотраен закуп по пат на јавно надавање

г. Градежни парцели што ќе бидат предмет на давање на користење заради давање на концесија или јавно приватно партнерство

**3.Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма**

▪Дефинирање на целна група за оделни групи на градежни парцели

▪Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали

▪Дефинирање на опфатот и трошоците поврзани со имплементација на маркетинг стратегијата

▪Дефинирање на временската рамка за имплементација на маркетинг стратегијата

▪Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегијата

**4. Динамика на реализација на Програмата**

▪Број на турнуси за објавување на оглас, временски период за објавување на огласите и распределба на градежните парцели по турнуси

▪Пропишување на условите за надавање

▪Лица надлежни за реализација на Програмата

**5.Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата (приходна страна на Програмата)**

**6.Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата (расходна страна на Програмата)**

**7.Преодни и завршни одредби**

**Општ дел**

Со донесување на новиот Закон за градежно земјиште ("Сл.весник на РМ" бр.17/2011 и 53/11) како и неговите измени ("Сл.весник на РМ" 144/12, 25/13 и 163/13), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, домашни и странски правни и физички лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесува Советот.

Сопственоста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Македонија управува Владата на Република Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на Република Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она шето е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиште на кое нема изграедно комунална инфраструктура.

Градежно земјиште е земјште кое е планирано со урбанистички план или урбанистичка планска документација.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план или урбанистичка планска документација и може да се состои од една, од дел или од повеќе катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект изграден со документација (одобрение) и заведен во јавните книги за недвижности.

Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Македонија може да се отуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

**А) Просторен опфат и предмет на Програмата**

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште восопственост на Република Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Карпош, дефинирана според територијалната организација на Република Македонија.

За да може да се врши отуѓување, давање под закуп, на градежното земјиште потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во текот на годишната Програмата се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на териториите на следните населени места и локалитети: Бардовци, Горно Нерези.

**Б) Основи за изработка на Програмата**

- Законски основ Законски основ на програмата за управување со градежното земјиште се: Закон за локалната самоуправа (Сл. Весник на РМ 5/2002) и Закон за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр.17/2011, 53/11,144/12,25/13 и 163/13 )

▪Основни плански документи Други документи потребни за изработка на Програмата се следните стратешки, развојни и плански документи донесени на локално ниво:

оСтратешки план на Општина Карпош за плански период од 2009 до 2014 год.

Локален акциски план за вработување на Општина Карпош
Генерален урбанистички план на Град Скопје за плански период од 2012 до 2022 год.
Донесени детални урбанистички планов
Урбанистички планови за населените места
Урбанистички за вон населени места
Годишната Програма за изработка на урбанистички планови

**В) Лица вклучени во изработка на Програмата**

▪Име, презиме, професија и функција на сите лица од проектниот тим за изработка на Програмата

▪Име, презиме, професија и функција на сите останати лица консултирани или инволвирани во изработка на Програмата

ГЛАВИ НА ПРОГРАМАТА:

**1.Цели на Програмата**

▪Општи цели на Програмата Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината, преку правење просторни услови за развој.

▪Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети Заинтерсираните граѓани за изградба на сопствени простори за обавување на дејност можат да ја реализираат својата потреба, а со тоа да придонесат за развој на населеното место/локалитет, користење на локалните ресурси, вработување на лица, обезбедување на подобри услови за живеење.

**2.Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по населено место и по урбанистички план)**

▪Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет, идентификувани со број на градежните парцели

▪Детален преглед на градежни парцели (по населено место и по урбанистички план)

**а.Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање**

Табела со следните информации:
-Број на градежна парцела
-Вкупна површина на градежната парцела
-Намена на земјиштето (основна класа) -Намена на земјиштето (опис)
-Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела
-Површина за градба - Бруто развиена површина
-Процент на изграденост
-Коефициент на искористеност на земјиштето
-Максимална дозволена висина

-Катност
-Почетна/Утврдена цена по метар квадратен, и
-Вкупна почетна/утврдена цена.

**б. Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под долготраен закуп по пат на јавно надавање**

Табела со следните информации:

-Број на градежна парцела
-Вкупна површина на градежната парцела
-Намена на земјиштето (основна класа)
-Намена на земјиштето (опис)

Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела
-Површина за градба
-Бруто развиена површина
-Процент на изграденост
-Коефициент на искористеност на земјиштето
-Максимална дозволена висина
-Катност
-Почетна/Утврдена цена по метар квадратен за годишна закупнина
-Вкупна почетна/утврдена цена за годишна закупнина, и
-Времетраење на закупот.

**в. Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под краткотраен закуп по пат на јавно надавање**

Табела со следните информации:
-Број на градежна парцела
-Вкупна површина на градежната парцела
-Намена на земјиштето (основна класа)
-Намена на земјиштето (опис)
-Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела
-Површина за градба
-Бруто развиена површина
-Процент на изграденост
-Коефициент на искористеност на земјиштето
-Максимална дозволена висина
-Катност
-Почетна/Утврдена цена по метар квадратен за годишна закупнина
-Вкупна почетна/утврдена цена за годишна закупнина, и
-Времетраење на закупот.

**г. Градежни парцели што ќе бидат предмет на давање на користење заради давање на концесија или јавно приватно партнерство**

Табела со следните информации:

-Број на градежна парцела
-Вкупна површина на градежната парцела
-Намена на земјиштето (основна класа)

-Намена на земјиштето (опис)
- Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела
-Површина за градба
-Бруто развиена површина
-Процент на изграденост
-Коефициент на искористеност на земјиштето
-Максимална дозволена висина
-Катност
-Основ за давање на земјиштето на користење (концесија или ЈПП)
-Заинтересирано правно лице (компанија),
-Предвидени услови за договорот.

**3. Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма**

- Дефинирање на целни групи за оделни групи на градежни парцели
- Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали
- Дефинирање на опфатот и трошоците поврзани со имплементација на маркетинг стратегијата
- Дефинирање на временската рамка за имплементација на маректинг стратегијата
- Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегијата

Определувањето на маркетинг стратегијата започнува со дефинирање/претпоставување на заинтересираните страни за купување/изнајмување на одредени делови од градежното земјиште. Заинтересираните страни се всушност потенцијалните купувачи/изнајмувачи на земјиштето и идни инвеститори, односно претставуваат целна групата на активностите од маркетинг стратегијата.
Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002),Советот на Општина Карпош на Единаесеттата седница одржана на 31.01.2014 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош во развојот на месната самоуправа во Општината за 2013 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош во развојот на месната самоуправа во Општината за 2013 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Сектор за поддршка на работата на Градоначалникот.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07-656/21**
**31.01.2014 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.10/2013), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на програмата од областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2013 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на програмата од областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2013 година, донесенна Единаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-1063/20**
**03.02.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002),Советот на Општина Карпош на Единаесеттата седница одржана на 31.01.2014 година, донесе

## ЗАКЛУЧОК
## за усвојување на Извештајот за реализација на програмата од областа на заштита и спасување на граѓаните и материјални добра за 2013 година

1. Се усвојува Извештајот за реализација на програмата од областа на заштита и спасување на граѓаните и материјални добра за 2013 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Одделението за заштита и спасување на граѓаните и материјални добра.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07-656/22**
**31.01.2014 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Сашо Лазаровски, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.10/2013), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлуката за долгорочно домашно задолжување на Општина Карпош во рамките на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP)**

1. Се објавува Одлуката за долгорочно задолжување на општина Карпош во рамките на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP), донесена на Единаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-1063/21**
**03.02.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 61/04, 96/04, 67/07 и 156/09), член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр 5/02) и член 4 од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ” бр 62/05 и 88/08), Советот на Општина Карпош, на Единаесеттата седница, одржана на 31 јануари 2014 година, донесе

# О Д Л У К А
## за долгорочно домашно задолжување на општина Карпош во рамките на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP)

### Член 1

Со оваа Одлука се одобрува долгорочно домашно задолжување на Општина Карпош, кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за под-заем со Министерството за финансии, во рамките на средствата обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP) финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка, во висина од 50.000.000 денари, а со цел финансирање на капитален инвестициски проект - реконструкција на улиците „Прашка” и „Струшка”, како и да се изгради атмосферска канализација на улиците „Анкарска”, „Влае”, „Багдадска”, „Алжирска”, „Борка Талевски”, „Франц Прешерн”, „Корушка” и дел од улицата „Франц Прешерн” во урбаните заедници „Тафталиџе 1”, „Владо Тасевски”, „Влае 1” и „Пецо Божиновски - Кочо”.

### Член 2

Задолжувањето ќе се реализира по пат на домашно долгорочно препозајмување преку Проектот за подобрување на општинските услуги, финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка, под следниве услови:

- каматна стапка: шест месечен EURIBOR со варијабилен распон;
- рок на отплата: 13 години;
- грејс период: 3 години;
- последниот датум на отплата на заемот нема да биде подоцна од 15.02.2030 година.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош ”.

**Број 07-656/23**
**31.01.2014 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.10/2013), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства за реконструкција на фасадите на станбените објекти на ул.„Јуриј Гагарин“ бр.25, 28, 30, 35, 52 и 54 - Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства за реконструкција на фасадите на станбените објекти на ул.„Јуриј Гагарин“ бр.25, 28, 30, 35, 52 и 54 Општина Карпош, донесена на Единаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-1063/22** ГРАДОНАЧАЛНИК
**03.02.2014 година** НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Скопје** **Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), а во врска со Програмата за урбано планирање на Општина Карпош за 2014 година, точка 2 .Ф. 20 Потпрограма за уредување на градежно земјиште (тековно – оперативни трошоци) од Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2014 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 13/2013), Советот на Општината Карпош, на Единаесеттата седница, одржана на 31.01.2014 година, донесе

## ОДЛУКА
## за одобрување на финансиски средства за реконструкција на фасадите на станбените објекти на ул.„Јуриј Гагарин“ бр.25, 28, 30, 35, 52 и 54 - Општина Карпош

### Член 1

Со оваа одлука се одобруваат финансиски средства за реконструкција на фасадите на станбените објекти на ул.„Јуриј Гагарин“ бр. 25, 28, 30, 35, 52 и 54 - Општина Карпош.

### Член 2

Средствата за реализација на реконструкцијата од член 1 на оваа одлука, во износ од 16.110.000,00 денари, се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2014 година, Програма за урбано планирање на Општина Карпош за 2014 година , Потпрограма за уредување на градежно земјиште Ф-20, ставка 481 – градежни објекти , потставка – 481 130 – реконструкција на станбени објекти, а според Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Оштина Карпош за 2014 година.

### Член 3

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07- 656/24**
**31.01.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.10/2013), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## РЕШЕНИЕ
## за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Карпош во реконструкцијата на лифтови на згради повисоки од 15 (петнаесет) катови на подрачјето на Општина Карпош

1. Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Карпош во реконструкција на лифтови на згради повисоки од 15 (петнаесет) катови на подрачјето на Општина Карпош, донесена на Единаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-1063/23** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**03.02.2014 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), а во врска со Програмата за урбано планирање на Општина Карпош за 2014 година, точка 2 .Ф. 20 Потпрограма за уредување на градежно земјиште (тековно – оперативни трошоци) од Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2014 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 13/2013), Советот на Општината Карпош, на Единаесеттата седница, одржана на 31.01.2014 година, донесе

## ОДЛУКА
## за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Карпош во реконструкцијата на лифтови на згради повисоки од 15 (петнаесет) катови на подрачјето на Општина Карпош

### Член 1

Со оваа одлука се одобруваат финансиски средства за учество на Општина Карпош во реконструкцијата на лифтовите на згради повисоки од 15 (петнаесет) катови на подрачјето на Општина Карпош.

Учеството на Општина Карпош во реконструкцијата од став 1 на овој член ќе изнесува 80% од потребните финансиски средства, а останатите 20% ќе бидат покриени со учество за заедниците на станари на зградите чии што лифтови ќе бидат реконструирани.

### Член 2

Средствата за учество на Општина Карпош во реконструкцијата од член 1 на оваа одлука, во износ од 4.990.000,00 денари, се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2014 година, Програма за урбано планирање на Општина Карпош за 2014 година , Потпрограма за уредување на градежно земјиште Ф-20, ставка 481 – градежни објекти , потставка – 481 130 – реконструкција на станбени објекти, а според Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Оштина Карпош за 2014 година.

### Член 3

Реконструкцијата на лифтовите да биде извршена по претходно изготвена анализа од страна на стручно правно лице согласно Закон.

### Член 4

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

Број 07-656/25
31.01.2014 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Сашо Лазаровски, с.р

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.10/2013), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Карпош за заменување на кровните покривачи од азбест цементни табли со пластифициран ребраст лим на колективни станбени згради и на индивидуални станбени објекти на подрачјето на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Карпош за заменување на кровните покривачи од азбест цементни табли со пластифициран ребраст лим на колективни станбени згради и на индивидуални станбени објекти на подрачјето на Општина Карпош, донесена на Единаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-1063/24<br>03.02.2014 година<br>Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>НА ОПШТИНА КАРПОШ,<br>Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), а во врска со Програмата за урбано планирање на Општина Карпош за 2014 година, точка 2 .Ф. 20 Потпрограма за уредување на градежно земјиште (тековно – оперативни трошоци) од Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2014 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 13/2013), Советот на Општината Карпош, на Единаесеттата седница, одржана на 31.01.2014 година, донесе

## ОДЛУКА
## за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Карпош за заменување на кровните покривачи од азбест цементни табли со пластифициран ребраст лим на колективни станбени згради и на индивидуални станбени објекти на подрачјето на Општина Карпош

### Член 1

Со оваа одлука се одобруваат финансиски средства за учество на Општина Карпош за заменување на кровните покривачи од азбест цементните табли со пластифициран ребраст лим на колективните станбени згради и индивидуални станбени објекти на подрачјето на Општина Карпош.

### Член 2

Средствата за учество на Општина Карпош за заменување на кровните покривачи од член 1 на оваа одлука, во износ од 8.900.000,00 денари, се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2014 година, Програма за урбано планирање на Општина Карпош за 2014 година , Потпрограма за уредување на градежно земјиште Ф-20, ставка 481 – градежни објекти , потставка – 481 130 – реконструкција на станбени објекти, а според Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Оштина Карпош за 2014 година

### Член 3

Се средствата утврдени во член 2 од оваа одлука, Општина Карпош за колективните станбени згради ќе обезбеди ребраст пластифициран лим со д=0,55мм за целата покривна површина, комплет шрафови со капи и гумици, дрвени штафни за зајакнување на постоечката покривна конструкција и ПВЦ фолија за парни брани, а за индивидуалните станбени објекти- ребрест пластифициран лим со д=0,55мм за целата кровна конструкција и комплет штрафови со капи и гумици, согласно прописите за јавните набавки.

### Член 4

Изборот на пријавените објекти ќе се изврши врз основа на бодирање според следните критериуми:

**1. За колективни станбени згради**

-Број на станови (секој стан се оценува со 1 бод) и

-Писмена согласност од Заедницата на станари со која станарите ќе се изјаснат дека се подготвени да ги покријат трошоците за работна рака за замената на кровниот покривач.

**2. За индивидуални станбени објекти**

-Број на членови во семејството (деца до 18 години - 2 бода, семејство само пензионери – 2 бода и останати членови на семејство - 1 бод),

-Материјална состојба на семејството (со приход до 20,000.00 денари – 1 бод, со приход до 15,000.00 денари – 1,5 бод и со приход до 10,000.00 денари – 2 бода)и

- Писмена согласност од сопствениците на индивидуалните станбени објекти дека ќе ги покријат трошоците за работна рака за замена на кровниот покривач а исто така дека на свој трошок ќе постават кровна термо изолација.

**Член 5**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07- 656/26 ПРЕТСЕДАТЕЛ
31.01.2014 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Скопје Сашо Лазаровски, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.10/2013), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

# РЕШЕНИЕ

## за објавување на Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП.бр.4232/1, КО Карпош во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето

1. Се објавува Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП.бр.4232/1, КО Карпош во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето, донесена на Единаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-1063/25**
**03.02.2014 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02) и член 2, став 2, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11 и 162/12), Советот на Општина Карпош, на Единаесеттата седница, одржана на 31 јануари 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП.бр.4232/1 КО-Карпош во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

**Член 1**

За поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект евидентиран во регистарот на поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправни објекти во Општина Карпош УП1 бр.35-2395 од 14.07.2011 година, на Трпе Богдановски од Скопје, за објект на КП бр.4232/1 КО Карпош, Советот на Општина Карпош констатира дека може да се изврши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето и да се изврши вклопување на бесправниот објект согласно одредбите на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко- планска документација („Службен весник на Република Македонија” бр.56/11 и 162/12).

**Член 2**

Со цел вклопување на објектот од член 1 на оваа одлука, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број 07-656/27**
**31.01.2014 2014 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Сашо Лазаровски, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.10/2013), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП.бр.5948, КО Карпош во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП.бр.5948, КО Карпош во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето, донесена на Единаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-1063/26**
**03.02.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02) и член 2, став 2, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11 и 162/12), Советот на Општина Карпош, на Единаесеттата седница, одржана на 31 јануари 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП.бр.5948 КО-Карпош во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

**Член 1**

За поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект евидентиран во регистарот на поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправни објекти во Општина Карпош УП1 бр.35-3567 од 10.08.2011 година, на Никола Николоски од Скопје, за објект на КП бр.5948 КО Карпош, Советот на Општина Карпош констатира дека може да се изврши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето и да се изврши вклопување на бесправниот објект согласно одредбите на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко- планска документација („Службен весник на Република Македонија” бр.56/11 и 162/12).

**Член 2**

Со цел вклопување на објектот од член 1 на оваа одлука, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број 07-656/28**
**31.01.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.10/2013), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП.бр.845, КО Нерези во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП.бр.845, КО Нерези во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето, донесена на Единаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-1063/27**
**03.02.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02) и член 2, став 2, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11 и 162/12), Советот на Општина Карпош, на Единаесеттата седница, одржана на 31 јануари 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП.бр.845 КО Нерези во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

**Член 1**

За поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект евидентиран во регистарот на поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправни објекти во Општина Карпош УП1 бр.35-9058 од 02.09.2011 година, на Оливер Бидиков од Скопје, за објект на КП бр.845 КО Нерези, Советот на Општина Карпош констатира дека може да се изврши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето и да се изврши вклопување на бесправниот објект согласно одредбите на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко- планска документација („Службен весник на Република Македонија” бр.56/11 и 162/12).

**Член 2**

Со цел вклопување на објектот од член 1 на оваа одлука, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број 07-656/29**
**31.01.2014 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.10/2013), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП.бр.5484, КО Карпош во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП.бр.5484, КО Карпош во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето, донесена на Единаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-1063/28**
**03.02.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02) и член 2, став 2, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11 и 162/12), Советот на Општина Карпош, на Единаесеттата седница, одржана на 31 јануари 2014 година, донесе

## ОДЛУКА
## за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП.бр.5484, КО Карпош во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето

**Член 1**

За поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект евидентиран во регистарот на поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправни објекти во Општина Карпош УП1 бр.35-5171 од 23.08.2011 година, на Марјан Милошевски од Скопје, за објект на КП бр.5484 КО Карпош, Советот на Општина Карпош констатира дека може да се изврши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето и да се изврши вклопување на бесправниот објект согласно одредбите на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко- планска документација („Службен весник на Република Македонија” бр.56/11 и 162/12).

**Член 2**

Со цел вклопување на објектот од член 1 на оваа одлука, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број 07-656/30**
**31.01.2014 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.10/2013), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за определување на финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за определување на финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош, донесена на Единаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-1063/29**
**03.02.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со дел III. Спортски манифестации под организација и покровителство на Општина Карпош, Точка 4. Доделување на финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош од Програмата за дејноста спорт за 2014 година („Службен гласник на Општина Карпош“бр. 13/2013), Советот на Општина Карпош, на Единаесеттата седница, одржана на 31.01.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за определување на финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош**

**Член 1**

Со ова Одлука се определува финансиска поддршка на 7 (седум) спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош и тоа:

- 1 од прва категорија, во износ од 7.000.000,00 денари,
- 1 од втора категорија, во износ од 400.000,00 денари,
- 1 од трета категорија во износ од 250.000,00 денари
- 2 од четврта категорија, во износ од 100.000,00 денари,
- 1 од петта категорија, во износ од 80.000,00 денари,
- 1 од шестта категорија, во износ од 30.000, денари

**Член 2**

Финансиската поддршка од член 1 на оваа одлука, за која што постапка по објавен оглас за нејзино доделување спроведе Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Карпош, се исплатува еднократно и е обезбедена во Буџетот на Општина Карпош за 2014 - Програма ЛО - Спорт и рекреација, ставка 463 - трансфер до невладини организации, потставка 463120 - трансфер до спортски клубови.

**Член 3**

За исплата на финасиската поддршка од член 1 на оваа одлука поединечни решенија донесува Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 07-656/31**
**31.01.2014 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.10/2013), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Решение за определување на член на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултетот за драмски уметности во Скопје**

1. Се објавува Решението за определување на член на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултетот за драмски уметности во Скопје, донесено на Единаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-1063/30** ГРАДОНАЧАЛНИК
**03.02.014 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), Советот на Општина Карпош, на Единаесеттата седница, одржана на 31.01.2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за определување на член на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултетот за драмски уметности во Скопје**

1. За претставник од Општина Карпош, во Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултетот за драмски уметности во Скопје, се определува Магдалена Несторовска, член на Советот на Општина Карпош.

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07-656/32**
**31.01.2014година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.10/2013), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Заклучок за давање согласност на Статутот на Приватната установа за деца-Приватна детска градинка „ГРИН ХАУС“ - Скопје**

1. Се објавува Заклучокот за давање согласност на Статутот на Приватната установа за деца - Приватна детска градинка „ГРИН ХАУС“ - Скопје, донесена на Единаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-1063/31**
**03.02.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и член 19, став 7 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/2013), Советот на Општина Карпош, на Единаесеттата седница одржана на 31.01.2014 година, донесе

## ЗАКЛУЧОК
### за давање согласност на Статутот на Приватната установа за деца –Приватна детска градинка „ГРИН ХАУС“ – Скопје

1. Се дава согласност на Статутот на Приватната установа за деца - Приватна детска градинка „ГРИН ХАУС” Скопје, донесен од основачот - Друштвото за инженеринг изведување на инвестициони објекти ТЕХНОИНЖЕНЕРИНГ Паскал и останати ДОО-Скопје.

2.Заклучокот да се достави до Приватната установа за деца–Приватна детска градинка „ГРИН ХАУС” - Скопје.

3.Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”

**Број 07-656/33**
**31.01.2014 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Сашо Лазаровски, с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.10/2013), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2013 година до 31.12.2013 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпопш за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2013 година до 31.12.2013 година, донесен на Единаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-1063/32** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**03.02.2014 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002),Советот на Општина Карпош на Единаесеттата седница одржана на 31.01.2014 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2013 година до 31.12.2013 година**

1. Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за каквартал од 01.01.2013 година до 31.12.2013 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Сектор за финансиски прашања.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07-656/34**
**31.01.2014 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.10/2013), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

# РЕШЕНИЕ

## за објавување на Одлуката за престанување на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба, управување и оддржување на тениски терени во ООУ „Димо Хаџи Димов“-Општина Карпош

1. Се објавува Одлуката за престанување на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба, управување и оддржување на тениски терени во ООУ „Димо Хаџи Димов“-Општина Карпош, донесена на Единаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-1063/33**
**03.02.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02) и член 15 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/2012), а во врска со член 169, став 1, алинеја 2 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/2007, 130/2008, 97/2010, 53/2011, 189/2011 и 15/2013), Советот на Општина Карпош, на Единаесеттата седница, одржана на 31 јануари 2014 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

**за престанување на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба, управување и оддржување на тениски терени во ООУ „Димо Хаџи Димов“-Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба, управување и оддржување на тениски терени во ООУ „Димо Хаџи Димов“-Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2013).

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07-656/35
31.01.2014 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Сашо Лазаровски, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општината Карпош – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.10/2013), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлуката за престанување на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за модернизација, управување и одржување на повеќенаменско игралиште во ООУ „Вера Циривири Трена“-Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за престанување на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за модернизација, управување и одржување на повеќенаменско игралиште во ООУ „Вера Циривири Трена“-Општина Карпош, донесена на Единаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 31 јануари 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-1063/34** ГРАДОНАЧАЛНИК
**03.02.2014 година** НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Скопје** Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02) и член 15 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/2012), а во врска со член 169, став 1, алинеја 2 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/2007, 130/2008, 97/2010, 53/2011, 189/2011 и 15/2013), Советот на Општина Карпош, на Еинаесеттата седница, одржана на 31 јануари 2014 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
## за ставање вон сила на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за модернизација, управување и одржување на повеќенаменско игралиште во ООУ „Вера Циривири Трена“ – Општина Карпош

### Член 1

